Verein Schulsozialarbeit Thurgau

**Општи информации за училишна социјална работа (УСР)**

Многу училишта во Швајцарија покрај наставниците вработуваат и работници/работнички за училишна социјална работа. Училишната социјална работа не им е позната на сите. Понекогаш професијата „Училишна социјална работа“ исто така се меша со други професии во училишната област.

За училишната социјална работа често се користи кратенката „УСР“. По правило сите УСР имаат завршено студии „Социјална работа“. Тие работат како и наставниците во училиште со одделенија, со помали групи на ученици или со поединечни ученички и ученици. Но исто така УСР може да ги советуваат родителите и наставниците.

Училишните социјални работници/работнички се експерти за советување во тешки ситуации. На пример, кога децата се вознемирувани од други деца на училиште или кога не можат да стекнат пријатели во одделението. Се разбира дека во случај на проблеми по правило му се обраќаат на одделенскиот наставник или наставничка. Но некои проблеми бараат поинтензивна дебата, повеќе време и поголемо искуство во советување. Во овие случаи засегнатите страни со задоволство ја користат поддршката на училишната социјална работа.

Советувањето е бесплатно и доброволно. Училишните социјални работници/работнички имаат должност за доверливост. Тие не ги прераскажуваат приватните работи.

Во некои училишта училишните социјални работници/работнички исто така држат предавања за одредени теми. Ученичките и учениците потоа учат како да развиваат добар тимски дух или како сигурно да се однесуваат на Интернет.

Целта на УСР е да придонесат со нивната работа сите деца да доживеат позитивно и успешно време поминато на училиште.

Овој информативен текст постои на различни јазици.

www.schulsozialarbeit-tg.ch vorstand@schulsozialarbeit-tg.ch